Република Македонија

**Влада на Република Македонија**

[redacted]

**Јавна установа за сместување на лица баратели на право на азил - Скопје**


ЈУ "Прифатен центар за баратели на азил" - Скопје

Бр. 02-1560

10.12.2018 год.

Визбегово, бб

Република Македонија

Тел. 02/2600 221

e-mail:juslbpa-sk@mtsp.gov.mk


Република Македонија
ЈУ за сместување на лица баратели на право на азил
"Прифатен центар за баратели на азил"-Скопје
Бр. 02-1560
10.12.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници ( Сл. Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 ) Директорот на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил, донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

1. Надица Николовска се избира од предложената ранг листа на кандидати по Јавниот оглас број 247/2018 за вработување на административен службеник во Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил "Прифатен центар за баратели на азил" - Скопје, за работното место Соработник за човечки ресурси, Оддел за административни работи, Служба за административни и помошно - технички работи, со звање Соработник за човечки ресурси и шифра на работно место СО30102В03000 .

2. Со именуваната ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа одлука.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-11634/2 од 05.10.2018 година, Агенцијата за администрација, по барање на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил "Прифатен центар за баратели на азил" - Скопје, на ден 01.11.2018 година на интернет страницата на Агенција за администрација и во дневните весници "Нова Македонија", "Слободен печат" и "Коха" објави јавен оглас број 247/2018 за пополнување на работното место Соработник за човечки ресурски, Оддел за административни работи, Служба за административни и помошно - технички работи.

Административната селекција за административен службеник се спроведе на ден 20.11.2018 година во просториите на Агенција за администрација.

На ден 21.11.2018 година направен е записник од извршената селекција за административен службеник со број 10-1841/7. По спроведената постапка за административна селекција, од 33 пријавени кандидати утврдено е дека 7 ги исполнуваат условите, во втората фаза од постапката продолжија 7 кандидати.

Комисија за селекција за вработување по јавен оглас спроведе постапка за полагање на испит, проверка на веродостојноста на доказите и одржа интервју со кандидатите.